Australian Government
Medicare Australia

# Зошто на Medicare Australia и требаат податоците за мојата сметка во банка?

**Регистрирајте ја сметката во банка денес и ќе бидете исплатувани преку Electronic Funds Transfer (EFT)**




Macedonian

**Многумина лекари денес нудат повраќај на лице место откако сте ја платиле сметката. Повраќајот на лице место е брзо, лесно, сигурно и погодно, затоа регистрирајте ја вашата банкарска сметка кај нас денес.**

## Како да ги регистрирам податоците за мојата банкарска сметка?

Вие може да ги регистрирате податоците за вашата банкарска сметка на следните начини:

- Ако го потполните формуларот за банкарска сметка достапен на нашата интернет страна или од локалната канцеларија на Medicare
- Ако се јавите на **132 011***
- Лично во најблиската Medicare
- Преку нашите услуги на линија. Ако веќе не сте регистрирани за Услуги на линија, пријавете се сега на **www.medicareaustralia.gov.au/online**

Запомнете да ја носите со себе Medicare картичката и податоците за банкарската сметка (BSB, број на сметката и име на кое се води сметката) кога ќе се регистрирате. Исто така, известете не ако овие податоци ви се променат во иднина.

Секој оној над 14 годишна возраст кој сака да го добива плаќањето преку EFT, било на лице место од лекарот, или од најблиската Medicare, треба да ги регистрира банкарските податоци кај нас.

## Колку брзо ќе ги добивам моите повраќаи?

Во најголемиот број случаи вашите повраќаи ќе бидат исплатени во вашата банкарска сметка во рок од два до три работни дена.

Ако вашиот лекар користи Medicare Easyclaim—која се базира на EFTPOS и ја користи вашата EFTPOS картичка—вашите повраќаи ќе бидат исплатени на вашата банкарска сметка скоро во истиот момент.

## Ќе треба ли да плаќам додатни банкарски трошоци ако моите повраќаи се исплаќаат електронски?

Невообичаено е да се наплаќаат додатни банкарски трошоци на вложувања, меѓутоа ако не сте сигурни проверете во вашата банка.

## Што ако користам кредитна организација, а не банка?

Вие може да користите било која банка, кредитна организација или градежно здружение во Австралија под услов да имате чековна или штедна сметка со нив.

## Што ако немам банкарска сметка?

Во тој случај сепак ќе можете да се наплатите во најблиската Medicare и ќе ја добиете исплатата во готовина, или да користите било која друга можност за наплата на вашите повраќаи. Ако немате банкарска сметка или решите да не ни ја кажете вашата банкарска сметка и користите наплата на лице место, вашиот повраќај ќе ви биде испратен со чек.

## Треба ли да ги имам деталјите за банкарската сметка ако се наплатам кај лекарот?

Ако вашиот лекар нуди повраќај на лице место и вие веќе сте ги регистрирале податоците за вашата банкарска сметка кај нас, нема потреба повторно да ги кажувате кога ќе добиете повраќај. Персоналот кај лекарот ќе го обработи вашето барање користејќи ја Medicare на линија—безбеден систем за повраќај кој се базира на интернет—и ние ќе ви го исплатиме повраќајот во вашата банкарска сметка регистрирана во Medicare Australia.

Ако вашиот лекар користи EFTPOS систем се што вие треба да сторите е да ги имате вашите Medicare и EFTPOS картички.

## Дали мојот лекар нуди повраќај на лице место?

Сеповеќе ординации сега нудат повраќај на лице место. Прашајте го персоналот во ординацијата дали нудат повраќај на лице место кога следниот пат ќе ја посетите ординацијата.

# Зошто на Medicare Australia и требаат податоци за мојата сметка во банка?

## Регистрирајте ја сметката во банка денес и ќе бидете исплатувани преку Electronic Funds Transfer (EFT)

### Ако мојот лекар нуди повраќај на лице место дали ќе можам да побарувам и други сметки ако ги носам со мене?

Не—вие ќе можете да побарувате само за сметката која туку што сте ја платиле. Ако имате постари сметки кои треба да си ги наплатите ќе треба да појдете во најблиската Medicare или да користите некој од останатите начини за наплата.

### Ќе можам ли да побарувам на лице место за некој кој не е на мојата Medicare картичка, на пример за мое внуче?

Да—ако вие сте ја платиле сметката, вие ќе можете да се наплатите за некој кој не е на вашата Medicare картичка.

### Што треба да сторам ако мојот поврaќај не е платен на мојата сметка во банка?

Ако не го добиете вашиот поврaќај во рок од три работни дена, прво проверете во вашата банка, потоа јавете ни се на **132 011***. Имајте ги со вас деталјите за вашиот поврaќај и вашата Medicare картичка.

### Што ќе се случи ако ми се се наплати на големо (bulk billed)?

Ако ви се наплати на големо (bulk billed), ништо не се менува.

### Како ќе знам дали податоците за мојата сметка во банка се чуваат доверливо?

Податоците за вашата сметка во банка се чуваат во најголема доверливост во Medicare Australia, исто како и да се во the Family Assistance Office и Australian Taxation Office.

### Како е заштитена мојата приватност?

Сите информации кои се испраќаат електронски помеѓу нас и вашиот лекар се доверливо шифрирани. Ако вашиот лекар нуди исплата на поврaќајот преку EFT директно на ваша сметка во банка, вашите податоци се заштитени од страна на Public Key Infrastructure (PKI). PKI обезбедува највисоко ниво на тајност, приватност и автентичност достапна за пренесување на податоци.

Ако вашиот лекар нуди поврaќај со провлекување на вашата EFTPOS картичка преку EFTPOS терминал, сите податоци се шифрирани и испратени преку EFTPOS преку сигурна мрежа.

Банките не добиваат никакви медицински податоци во врска со лекарската услуга. Посебни деталји за самата здравствена услуга (на пример, шифра на услугата и на лекарот) нема да се појават на банкарскиот извод. На банкарскиот извод ќе се појават само зборот Medicare, број на предметот и износот на поврaќајот кој се исплаќа на вашата сметка во банка.

### Има ли и други начини како да си го наплатам поврaќајот?

Вие и понатаму ќе можете да се наплатите од канцелариите на Medicare со потполнување на формулар за поврaќај и да се испрати до **Medicare Australia, GPO Box 9822**, во вашиот главен град или ако го ставите во кутијата за формулари во канцеларија на Medicare, или ако се јавите на **1300 360 460***. Меѓутоа, еден од најлесните и најчесто користени начини за наплата е на лице место во лекарската ординација откако ќе ја платите сметката.

### Значи ли тоа дека канцелариите на Medicare ќе се затворат?

Не—и понатаму ќе има многу работа за персоналот во Medicare, вклучувајќи обработка на формуларите за дарување на органи, посложените побарувања и одговарање на прашањата. Ние нудиме и широк избор на државни услуги и плаќања како што е Family Assistance.

### Каде ќе можам да добијам повеќе информации?

За повеќе информации зборувајте со еден од нашите службеници во најблиската Medicare, појдете на **www.medicareaustralia.gov.au** или јавете се на **132 011***.

* Се наплаќаат трошоци за повикот. Работно време 24 часа.

1856_58.